Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 310//0306
22.07 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седница одржана на 04.07.2025 година, врз основа на примена жалба од ЈП Водовод и канализација Скопје**,** го донесе следново:

**МИСЛЕЊЕ**

**ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„ЈП Водовод и канализација Скопје на ФБ споделува лични препирки на Данела Арсовска?!“,** објавен од интернет порталот – онлајн медиум Вечер.мк (vecer.mk) на 11.06.2025 г., не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ на 13.06.2025 г., упати жалба за текстот со наслов „ЈП „Водовод и канализација Скопје“ на ФБ споделува лични препирки на Данела Арсовска?!“, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Вечер.мк (vecer.mk) на 11.06.2025 г., при што се жали на „неточно и нефер известување, незастапена втора страна, мешање на факти и мислења, вест и коментар, нарушување на приватноста и пристрасност и неурамнотежженост во информирањето“.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува дека „тврдењата дека службениот Фејсбук профил на претпријатието се користи за објавување „лични препирки“ на градоначалничката Данела Арсовска се неточни, тенденциозни и паушални. Објавата која се спомнува е преземена од официјалниот профил на Градоначалникот на Град Скопје, и не претставува личен став или „препирка“, туку содржи релевантни информации за факти поврзани со урбанистичкиот развој на Општина Ѓорче Петров и неговите потенцијални последици врз квалитетот на водоснабдувањето во Скопје“.

До медиумот бил испратен и демант кој до испраќањето на жалбата не бил објавен.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „ЈП Водовод и канализација Скопје на ФБ споделува лични препирки на Данела Арсовска?!“, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Вечер.мк (vecer.mk) на 11.06.2025 г., не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за вест од јавен интерес во која се информира дека ЈП Водовод и канализација Скопје, на своката официјална страница на Фејсбук, објавува статуси на градоначалничката Данела Арсовска поврзани со нејзината препирка со градоначалникот на Општина Ѓорче Петров.

Комисијата утврди дека авторот се повикува на конкретни јавни објави и не изнесува непроверени тврдења. Со тоа Комисијата ценеше дека намерата на текстот е да отвори критичка дебата за тоа дали е прифатливо јавните институции, како што е едно јавно претпријатие, да пренесуваат содржини од политичка природа, објавени на лични профили на функционери.

Во текстот не е вклучен став на Јавното претпријатие, што претставува слабост од аспект на професионалните стандарди. Вклучувањето на нивната перспектива би придонело за поголем баланс. Но, од друга страна, инсистирањето на „втора страна“ во случаи кога се известува за очигледна фактичка состојба – јавно достапна објава – не секогаш е неопходен услов за исполнување на етичките стандарди. Во овој случај, информацијата што е предмет на критика е јавна, проверлива и недвосмислена, а нејзиното толкување и проблематизирање спаѓа во доменот на слободата на изразување и на новинарската критичка функција.

Од тука, Комисијата сметаше дека нема прекршување на Кодексот на новинари на Македонија.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Тамара Чаусидис, Димитар Мицев и Жана Божиновска.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595